


u:
p:
sign in
not a member? register here.



## албум на неделата




BERNAYS PROPAGANDA
Ништо нема да не раздели

**плагиј.ат конект**

# Театарот „Семејство бистри потоци“ со претставата „Аналогии“ во МКЦ

Театарот „Семејство бистри потоци“ од Србија ќе настапи на 31 март во 20:00 часот во МКЦ и на 1 април во 20 часот во Детски театарски центар, Стара чаршија со претставата „Аналогии“. Режисер е Божидар Мандиќ, а играат: Милена Јакшиќ, Драгана Јовановиќ, Божидар Мандиќ, Радомир Теодосиевиќ, Кристина Васиќ и Урош Вукша.




photo © plakat

Аналогии е современа претстава за надминување на осаменоста преку освестување на чувството за »оној другиот«. Во светот на општата

отуѓеност, човекот пред сè, се отуѓува од самиот себе си. За да се запознаеме себе си, потребен ни е некој друг. Аналогии трага по она што е »исто« во сите луѓе. Аналогија се воспоставува тогаш кога се препознаваме себе си во »она спроти нас«. Претставата се темели на принципот дека концептот и глумата произлегуваат од внатрешниот процес на самиот изведувач.

Театарот »Семејство на бистри потоци« не е ниту аматерски ниту професионален театар, туку »посветен« театар. Функционира во рамки на истоимената комуна, група на општествено ангажирани луѓе, кои живеат според принципот враќање кон природата. Комуната е основана од писателот Божидар Мандиќ во бранот на младинските движења од 68-та, во слично време кога настана и Комуната »Дружина в Шемпасу« (Семејство во Шемпас) на Марк Погачник во Словенија. Комуната делува како отворен дом и во духот на скромна економија, а од самото основање е и уметнички активна.

По претставата ќе следи и разговор со изведувачите и кратко претставување на Иницијативата за РЕКОМ, која ќе ја претстави нејзиниот медиумски координатор Лазар Стојановиќ.

Иницијативата за РЕКОМ е мрежа на невладини организации од просторот на поранешна СФРЈ, која се залага за основање на Регионална комисија за утврдување на фактите за воени злосторства и други тешки кршења на човекови права (РЕКОМ) кои се случија на територијата на поранешна Југославија во деведесеттите години. Според репутацијата на таканаречените »комисии за вистина и помирување«, главната цел на РЕКОМ е да се разоткријат фактите за сите злосторства и кршења на човековите права, како и да се создаде простор каде би можело да се чуе искуството на жртвите и на тој начин да се врати нивното човечко достоинство.

Врската меѓу претставата Аналогии и Иницијативата за РЕКОМ е пред се идеолошка. Во основа претставата е желба да се препознаеме во »оној другиот«, односно во секој човек да препознаеме човек и човечност, што воедно е и основен принцип на Иницијативата за РЕКОМ: на жртвите да им се врати личноста, да се индивидуализираат, и да не бидат само празни бројки во историските интерпретации и луѓето, посебно од спротивставените групи, да доживеат сочувство кога во »другиот« ќе се видат себе си.

Влезот е бесплатен. Резервации на: mirovnaakcija(ет)gmail.com

Ranti | 30.03.2011 facebook | twitter


0 Коментари Plagijat 1 Најавете се

Препорачај Tweet Сподели Подреди по најстар

Start the discussion…

НАЈАВИ СЕ СО

ИЛИ НАЈАВИ СЕ СО DISQUS ?

Име

Be the first to comment.

ИСТО ТАКА НА PLAGIJAT

**Рејтинг на ИМДБ корисниците за филмови од 2012**

1 коментар • пред 6 години

Cobomk — ако само дваjца го оценат еден филм со оценка десет, истиот ке се најде …

**Размислувања на структуралистот Р.Барт за …**

2 коментари • пред 5 години



Kiril Strkov — Прости му на немуштиот човек , jас не сум преведувач ниту лектор ... …

**Прво па женско!**

2 коментари • пред 6 години

Zuli — :))

**НОЖ [The Knife @ Milan]**

2 коментари • пред 6 години

Ивица — Рецензијава пропушта еден многу битен елемент на концертот - да …

Претплатете се Додадете го Disqus на Вашата веб-локацијаAdd DisqusAdd

Disqus' Privacy PolicyПолитика за приватностПриватност


**коментари**

- civ

  GOGOL BORDELLO конечно во Скопје!... · 9 months ago

- skopjeposter